Европска инвестициска банка

банката на ЕУ

# Активност на Групацијата ЕИБ на ЗАПАДЕН БАЛКАН 2021 година

- Европска инвестициска банка (ЕИБ) инвестираше 853 милиони евра во 2021 г. како дел од поддршката на Тим Европа за Западен Балкан. Овие средства мобилизираа вкупни инвестиции од речиси 3 милијарди евра.
- Како климатска банка на Европската Унија, ЕИБ ја зголеми својата финансиска и техничка поддршка за зелената транзиција на Западен Балкан.
- Инвестирајќи речиси 200 милиони евра во дигиталниот сектор од почетокот на пандемијата со КОВИД-19, Групацијата ЕИБ му помогна на Западен Балкан да се адаптира на новата дигитална ера.




Во текот на 2021 година, ЕИБ продолжи да работи на одржливиот развој на Западен Балкан низ проекти што поттикнуваат почиста животна средина, позелена индустрија, инклузивни можности за вработување и подобри дигитални, енергетски и транспортни мрежи. Во склоп на финансискиот пакет на Тим Европа за поддршка за КОВИД-19, банката испорача 1,7 милијарди евра од 2020 година за промовирање побрзо и поодржливо социоекономско закрепнување на Западен Балкан, овозможувајќи долгорочен просперитет за луѓето во регионот и покомпетитивна економија.

Заедно со партнерите во регионот, ЕИБ помогна да се претстави Економскиот и инвестициски план на Европската комисија за Западен Балкан, насочувајќи се кон поттикнување регионална интеграција и конвергенција со Европската Унија. Оваа зелена и дигитална социоекономска трансформација бара посветеност на сите учесници, нови пристапи и партнерства што комбинираат знаење и финансиска поддршка. ЕИБ имаше задоволство да ги здружи иницијативите и можностите за соработка што ќе му помогнат на регионот да напредува со својата зелена агенда, одржливиот транспорт и дигитализацијата.





# Зазеленување на Западен Балкан

## ЕИБ инвестираше 257 милиони евра за одржливиот развој во регионот во 2021 година

Како климатска банка на ЕУ, ЕИБ ги проширува проектите за климатски дејства и одржливост, насочувајќи се кон мобилизирање зелени инвестиции од 1 трилион евра во текот на оваа деценија. ЕИБ работи како дел од Тимот Европа[1] за да се погрижи дека регионот на Западен Балкан нема да заостане зад остатокот од светот што се насочува кон зелена, одржлива, јаглеродно-неутрална и кружна економија. Заедно со своите партнери и со владите на Западен Балкан, ЕИБ помага да се решат проблемите со животната средина во регионот и да се промовира неговата адаптација на климатските промени. Истовремено, со финансирање на транзицијата кон поефикасна обновлива енергија во Србија и Северна Македонија, ЕИБ помага да се осигури диверзификација и сигурност на снабдувањето со енергија.

Банката го надополнува своето финансирање со приспособена техничка помош за да помогне да се обезбедат повеќе јавни и приватни инвестиции во проекти за зелена енергија и одржливост, со поддршка од Европската комисија. За да помогне во борбата против загадувањето на животната средина, ЕИБ финансира нов систем за дистрибуција на вода за Тирана, системи за довод на вода во неколку општини во Босна и Херцеговина и изградбата на фабрика за третман на отпадни води во Митровица. Исто така, овозможува финансирање и советување на проекти за одржлива мобилност во регионот, имено модернизацијата на градскиот транспорт во Кантонот Сараево и во Ниш, надградба на железничката мрежа и подобрена навигација вдолж реките Сава и Дунав.

1. Тим Европа за првпат беше стартуван од Европската Унија за поддршка на партнерските земји во борбата против пандемијата со КОВИД-19. Тој ги комбинира ресурсите од Европската Унија, нејзините земји-членки и финансиските институции.

# Осигурување дигитална и паметна иднина

## Обезбедени се речиси 200 милиони евра за дигитализација од 2020 година

Колку брзо и сеопфатно ќе се присвојат дигиталните вештини и инфраструктурата ќе ја одреди брзината на регионалниот социоекономски развој и економската компетитивност на глобалниот пазар. За да се осигури дека Западен Балкан ќе биде конкурентен глобално, Групацијата ЕИБ инвестираше повеќе од 200 милиони евра во дигиталниот сектор само во изминатите две години.

„Како дел од Тимот Европа, ЕИБ е задоволна што може да ја забрза дигитализацијата на Западен Балкан, помагајќи му на регионот да се адаптира на новата дигитална ера. Дигитализацијата е клучна за вработувањето, долготрајната одржливост и зголемената отпорност на кризи. Секоја инвестиција во секторов создава бројни придобивки со развивање поврзани, компетитивни, одржливи економии, економии што се базираат на знаење и иновација и напредни економии во регионот“, изјави Лилјана Павлова, потпретседателка на ЕИБ (одговорна за Западен Балкан).

Групацијата ЕИБ го разбира значењето на раното присвојување на дигиталните вештини и инфраструктура. Затоа таа инвестираше во донесувањето дигитална опрема и интернет со висока брзина во повеќе од 1.500 училишта, со неопходните надградби на инфраструктурата за воведувањето на 5G и со надградба на постојната 4G мрежа во Србија. Овие активности ќе придонесат за дигиталната трансформација на регионот, економскиот раст и растот на продуктивноста, подобрите можности за вработување на младите и напредокот на иновативниот капацитет и делувањето на климатските промени.

# Помагање на малите бизниси да закрепнат, да се адаптираат и трансформираат

## Инвестирани се повеќе од 560 милиони евра во приватниот сектор во 2021 година, како дел од финансискиот пакет од 1,7 милијарди евра за Западен Балкан во рамките на Тим Европа

Групацијата ЕИБ обезбеди опиплива и брза финансиска поддршка за мали и средни претпријатија (МСП), најголемиот работодавач во секоја земја на регионот. Само во 2021 година, банката обезбеди 560 милиони евра за таквите бизниси на Западен Балкан за да се осигури дека ќе можат да продолжат да работат и да обезбедуваат вработување. Средствата беа достапни под погодни и флексибилни услови преку финансискиот пакет на Тим Европа за побрзо социоекономско закрепнување и беа достапни за компаниите преку банките за комерцијален и национален развој.

Поддршката од ЕИБ им помогна на малите и средни претпријатија во регионот да ги надминат тешкотиите од пандемијата со КОВИД-19, којашто ги натера компаниите да работат со ограничени капацитети, да одложуваат инвестициски планови или дури и привремено да прекинат со работа (повеќе од една третина од фирмите, според Анкетата за претпријатијата спроведена од ЕИБ, Европската банка за реконструкција и развој и Светската банка). Истовремено, пандемијата создаде можности за некои сектори да се адаптираат и да ги променат своите деловни модели, помагајќи им да добијат предност на брзо променливите пазари. За да се катализира оваа економска трансформација и да им се помогне на малите и средни претпријатија да станат подигитални, енергетско ефикасни и инклузивни, ЕИБ воведе нови финансиски инструменти за приватниот сектор во последните две години. Овие инструменти вклучуваат финансирање за социјално влијание за да се поттикнат српските компании да вработуваат млади луѓе, жени и ранливи социјални групи, како и климатски заем за да им се помогне на црногорските мали и средни претпријатија да закрепнат побрзо и да воведат енергетско ефикасни практики.

Европска
инвестициска
банка

банката на ЕУ



# Активност на Групацијата ЕИБ на ЗАПАДЕН БАЛКАН 2021 година

## Достигнувањата на Групацијата ЕИБ во 2021 година

**Вкупно финансирање на Групацијата ЕИБ**
Проекти потпишани од Групацијата ЕИБ во износ од
**95 милијарди евра**

**Зелено финансирање**
**51 %**
од вкупното финансирање од Групацијата ЕИБ беше поврзано со климатско дејство и одржливост на животната средина

**Потпишани проекти**
од ЕИБ за Западен Балкан во износ од
**853,5 милиони евра**

**Ова вклучуваше**
заеми од ЕИБ во износ од
**834 милиони евра** и
грантови во износ од
**19,5 милиони евра**

**Потпишани проекти**
од Групацијата ЕИБ за Западен Балкан од 2009 година што достигнаа речиси
**9,5 милијарди евра**

**Број на работни места**
одржани од 2009 благодарение на финансирањето од ЕИБ коешто надмина
**900.000**


### КОНТАКТИ ЗА МЕДИУМИТЕ

**Гордана Ковачевиќ**
+381 60 323 3435
+381 11 3121756
g.kovacevic@ext.eib.org

**Регионално претставништво за Западен Балкан**
Vladimira Popovića 38
Белград
Србија
+381 11 3121756
belgrade@eib.org

**Канцеларија за медиумите**
+352 4379-21000
+352 4379-61000
press@eib.org
www.eib.org/press

### ОПШТИ КОНТАКТИ

**Европска инвестициска банка**
98-100 boulevard Konrad Adenauer
L-2950 Luxembourg

**Биро за информации**
+352 4379-22000
+352 4379-62000
info@eib.org – www.eib.org



Фотографија: European Investment Bank, Shutterstock
© European Investment Bank 03/2022 MK